# Медиум

весник за сите средношколци

Петок 30.11.2018 V; година бр. 42

www.medium.edu.mk


ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

# Една година бевме без име, „Дупер“ го кажавме случајно и остана



стр. 3



## КАДЕ БЕВМЕ?

РЕПОРТАЖА НА УЧЕНИЧКИ ОД „В. А. ДРЕН“ ОД ЕРАСМУС ПОСЕТА ВО АЛИКАНТЕ, ШПАНИЈА

стр. 4



## ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

УЧЕНИЦИТЕ РЕАГИРААТ ЛОШО НА МЕДИУМИТЕ, ЗАШТО СМЕТААТ ДЕКА СЕ ПРИСТРАСНИ И ЛАЖАТ

стр. 5



## МЕДИУМСКИ ДЕН 2018

НА 5 ДЕКЕМВРИ 2018 100 СРЕДНОШКОЛЦИ ЌЕ ПОСЕТАТ ПОВЕЌЕ МЕДИУМИ

стр. 8


ВИСОКА ШКОЛА ЗА НОВИНАРСТВО И ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Нова Македонија

СРЕДНОШКОЛСКИОТ ВЕСНИК „МЕДИУМ“ Е ВО РАМКИ НА ПРОЕКТОТ **„МАКЕДОНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ“**

**ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

ВОВЕДНИК



Емилија Величкова,
професорка во СУГС
„Јосип Броз-Тито“

# Да се биде ИН или не, прашање е сега?

Шекспировско прашање со кое живееме секој ден. Дали да бидеме во тек со сите случувања или, пак, да живееме во некоја форма на своја имагинација бегајќи од сето тоа што нè опкружува. Сакале или не, ова денешно модерно општество ни наметнува влијателни „органи“ кои со множество од најнови технологии и разновидни техники емитуваат енормно голем број податоци и информации. Забележливо е отсуството на селектирање на одредени корисни или вредни информации, се занемарува какво може да биде влијанието на податокот или пренесената порака врз оној што ги перципира, главно најважна е користа од емитувањето или од бројот на гледаност. Сите ние поткпекнуваме пред „инфицирањето“ со информации кои свесно или несвесно ги перципираме. Сликата на „големиот“ екран поседува посебна фасцинираност, нудејќи еден двосмислен поглед кон реалниот свет. Колку што повозрасните се „заразени“ и задолжително присутни пред телевизиските екрани за време на сериите, толку помладите се обземени од игрите кои ги пренесуваат во некој друг свет, во кои сè може со еден клик да исчезне или, пак, да се појави. Конфузијата на имагинарното и автентичното може да предизвика особено штетни ефекти кај децата и младата популација, со што им ја „искривува“ сликата за реалноста во која живеат. Идеализирајќи некој омилен лик си создаваат модели на однесување, усвојуваат постапки и размислувања и го имитираат она што ќе го видат, еден вид манипулација со мислењето и свеста, што по себе повлекува тешки и сериозни последици. Меѓутоа, свеста може да се издигне на повисоко ниво, особено доколку се вклучат медиумите и нивната писменост, уште од најрана возраст во градинките, потоа низ основното образование да се зголеми обемот на темите од оваа област, за која реално малку се зборува и ретки се наставниците кои обрнуваат внимание на неа, а во средното образование можеби треба да се издели предметот Говорење и пишување како задолжителен, а не како изборен предмет, во кој ќе доминира, најнапред, познавањето и негувањето на својот мајчин јазик, а не примената на социолектите кои се шират и множат со брзина на светлината, а потоа и функцијата на стиловите на пишување и составување наменски текстови. Се поставува прашањето дали е потребно да сме директно, целосно и задолжително вклучени и вложени во сите можни информации кои врнат како ситен дождец и ни навлегуваат под кожа. Дали можеби треба да постои еден вид „норма“ за тоа што сè може и треба да биде имплицирано. Но секако дека таа норма е потребно да се почитува, а не како и сè друго - за некого да биде „мајка“, а за друг да биде „маќеа“. Или, пак, можеби треба да носиме чадор за на тој дождец, колку и да е ситен, да не му дозволиме да нè натопи.

Докторите велат дека лек за „вирус“ нема, тој поминува сам по себе. Меѓутоа, како што има вируси кои траат ден-два, ни останува да се надеваме дека и овој вирус, кој ги има зафатено сите, ќе трае пократко од „засекогаш“.

п.с. Пишувајте кирилица, пишувајте правилно (барем потрудете се), можете да бидете ИН и со поставување на ваши норми, сепак постојат букви кои ги нема латиничното писмо, а се НАШИ.

#секадникадсеуштенезнамкошонеам#

# Час со професорот кој измисли интерактивна училишна табла




Учениците од скопската гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ и од основното училиште „Петар Поп Арсов“ учествуваа на работилница т.е. на еден вид симулација на училиштен час, и преку заемна интеракција одговараа и изнаоѓаа решение на зададена задача. Настанот се одржа во рамките на иницијативата „Петок за млади“ во просториите на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИРТ), а часот го водеше професорот по дигитални системи и практична настава, Димитрија Ангелков, кој предава во средното стручно училиште „Киро Спанџов“ од Кавадарци, а кој воедно им го претстави и својот изум - интерактивна училишна табла.

Интерактивната табла е посебно осмислен уред со специфичен софтвер кој овозможува интерактивна работа за време на наставата. Употребата на овој уред овозможува учениците и професорите да бидат подеднакво активно вклучени во изучувањето на самата материја. Предноста на овој изум се состои во палетата можности што ги нуди софтверот, од интерактивни игри со педагошка цел до директно интервенирање на самата табла, моментално печатење на сработеното и слично. Овој проект на професорот, кој истовремено е и основач на компанијата „Интерактивна иднина“, беше поддржан од ФИТР со 26 илјади евра во рамките на четвртиот јавен повик за стартап-компании и комерцијализација, што Фондот ја спроведе во соработка со Светска банка.

На почетокот на часот со професорот Ангелов, директорот на ФИРТ, Јован Деспотовски им порача на учениците дека целта е тие да научат нешто ново надвор од училишните клупи.

- Сакаме да ги поттикнеме учениците да развијат критичко мислење, но и да ја нагласиме потребата од воведување иновации и технологии во образованието. Денес презентираме одличен проект, иновациска училишна табла со која очекуваме наставата да стане уште поинтересна за сите ученици - истакна Деспотовски.

И заменик-министерот за образование и наука, Петар Атанасов, ја поздрави иницијативата „#Петокзамлади“, која има за цел насочување на младите кон критичко размислување и иновации преку ваков вид отворени настани. Такви настани и процеси, рече тој, се потребни затоа што светот оди напред, а нашите системи бавно се придвижуваа години наназад.

# Средношколка од Битола ја доби наградата „Млад иноватор“

Средношколката од СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ од Битола, Евгенија Давитарова, ја освои наградата „млад иноватор“ на натпреварот „Макинова“ во Скопје, настан кој е поддржан од Светската организација за интелектуална сопственост (Берин). Таа победи со нејзината ЦНЦ-машина за гравирање со ласер, која ја иновирала и конструирала сама, за што ѝ биле потребни околу три месеци. Нејзината машина е наменета за површинско гравирање врз некаков материјал. Таа за медиумите раскажа дека идејата ја имала уште пред да се распише конкурсот „Макинова“, а машината почнала да ја прави во текот на летниот распуст. Успеала да ја заврши, да се пријави на натпреварот и дома да си ја понесе наградата.

# Гимназијалците од Велес го славеа Рацин

По 51. пат годинава во Велес се одржаа Детските Рацинови средби, а можноста свечено да ја отворат манифестацијата во велешкиот театар ја имаа гимназијалците од СОУ „Кочо Рацин“.

Први настапија средношколките Пале Зврцинова, Ева Димитриева и Елена Христова кои ги изведоа државната, општинската и училишната химна, а музичка точка на настанот имаше и училишниот хор кој ја изведе химната на гимназијата - „Копачите“. Манифестацијата ја одбележа и средношколката од втора година, Емина Атемовска, која се закити со гранпри-наградата на ликовниот конкурс на тема: „Рацин - денес, вчера и утре“. Настанот го затворија десетина ученици од велешката гимназија кои го имаа поетскиот перформанс „Рацин, вечно во нашите срца“, подготвен под менторство на професорката Магдалена Сарагинова. Во својот перформанс тие имаа и пијано придружба од страна на соученикот Љупче Зафиров. Првото претставување на гимназијалците беше пред споменикот на Рацин, во училишниот двор. Учениците од втора година го изведоа поетскиот колаж „Рацин, во срце те носиме“, а потоа присутните делегации и гости положија свежо цвеќе пред бистата на Рацин.

Во рамките на манифестацијата, велешката гимназија беше домаќин и на поетскиот караван, настан кој има улога да изгради мост меѓу повозрасните писатели и младите творци со цел да се поттикнат младите да создаваат поетски и ликовни творби инспирирани од Кочо Рацин. Годинава училиштето им посака добредојде на тројцата членови на друштвото на писатели „Коста Солев Рацин“ од Велес, Васил Тоциновски, Божидар Јовиќ и Игор Крајчев. Тие со своите творби им се претставија на средношколците, но и младите поети од училиштето им се претставија на ним.

**Уредници на „Медиум“:** Александра Теменугова, temenugova@vs.edu.mk, 02/30 90 004
**Техничко уредување:** Марин Матев **Веб:** Александар Делчевски **Лектура:** Светлана Арсовска
**Маркетинг:** тел. (02) 5511727 **Дистрибуција:** тел: (02) 5511734
**www.medium.edu.mk**; е-адреса: **medium@medium.edu.mk**

Оваа публикација е овозможена со поддршка од Европската Унија во рамките на проектот *Медиумска писменост во ера на наплив на информации: основање Македонска коалиција за медиумска писменост*, што го реализира Високата школа за новинарство и за односи со јавноста заедно со Институтот за различности во медиумите од Лондон, В. Британија, и дневниот весник Нова Македонија. Наведените мислења во оваа публикација се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од Европската Унија

ФАЦА НА МЕСЕЦОТ

ИНТЕРВЈУ СО „ДУПЕР“

# Една година бевме без име, „Дупер“ го кажавме случајно и остана



Не може да помине еден ден, а една од нивните песни да не се слушне на радиостаниците во Македонија. Од муабети „еј, ќе свириме некогаш“ до познат музички бенд кој стана сечиј тип.

Во овој број на „Медиум“ разговараме со две третини од групата „Дупер“. Борис и Мартина, во оправдано отсуство на Илчо, разговараа со нашата екипа за тоа како дошло да формираат бенд, кои се нивните планови и какви пораки имаат за младите музичари.

Сите имаат по 20 години и се трета година на факултет. Борис студира економија, Мартина е на музичка академија, а Илчо студира психологија. Нивното првенче „Не сум твој тип“ се појави минатото лето, а за кратко време постигна над еден милион прегледи на Јутјуб. При крајот на ова лето ја издадоа и нивната втора песна „Тело за на ТВ“, а до крајот на годинава најавуваат нова. За следната, пак, во нивните планови е издавање на албум.

**Медиум:** Како дојде до креативноста на името „Дупер“? Мартина: Еднаш дојдоа Илчо и Борис на проба, иако не беше конкретна проба, случајно го кажаа името „еј, можеби ќе се викаме Дупер, ама ќе видиме, може и нема“. Многу долго бевме без име, околу една година сигурно.

**Борис:** Илчо седум месеци се нервираше затоа што немаме име и „Дупер“ беше една интересна варијанта којашто ја смисливме. Имавме и други опции како да се вика бендот, како: „Алфрак“, „Лама“, „Најлон“, но „Дупер“ беше најдобра опција од сите.

**Медиум:** Кога и како се споивте и решивте да направите музичка група што освои многу срца? Кој беше мотивот? Мартина: Музиката беше главниот мотив да се споиме. На свирки јас и Борис секогаш зборевме „еј, ќе свириме некогаш“ и така, еве сега свириме и имаме свој бенд.

**Борис:** Мартина и јас излегувавме во Лептокарија, кога беше шема, а со Илчо сум од „Орце“, заедно учевме на ОХА (низ смеа).

**Медиум:** Дали можеби некогаш сте размислувале да го прошириte бендот?

**Борис:** Сме размислувале, но конкретно во моментов функционираме како трио и така нѐ знаат сите. И три е среќен број. Пет не знам дали е, но може наеднаш да скокнеме на плус четворица.

**Медиум:** Кој е задолжен за создавањето на музиката и текстот? Дали сами ги пишувате и правите песните?

**Борис:** Сами ги правиме и текстот и музиката. Во принцип, нема еден што прави, сите заедно ги правиме.

**Мартина:** Сите правиме заедно, и кој има идеја ја споделува, па ја прошируваме заедно.

**Медиум:** Имате ли некој бенд/изведувач кој го гледате како идол или инспирација?

**Борис:** Мене инспирација во средно ми беа „ Ред хот чили пеперс“ и оттаму ми е стилот на свирење. Нашите песни не знам на што потсетуваат, но некои велат дека стилот бил како на „Сарс“, веројатно поради вокалот. Црпам инспирација од повеќе бендови што сум ги слушал додека ја создававме музиката (период од 7 месеци) и оттаму произлегува инспирацијата, не можам да издвојам еден бенд или изведувач.

**Медиум:** Кој ви е најголема поддршка?

**Мартина:** Претпоставувам родителите дома.

**Борис:** Мама, тато, бато ...

**Мартина:** Баба, дедо, вујче. Сите нѐ поддржуваат, но кога подобро ќе размислам најголемата поддршка сте ни сите вие, средношколците, луѓето на наша возраст, помали, постари и многу поголеми.

**Борис:** Редовно имаме снимки од бебиња или од мали деца како пеат наши песни или играат на нив.

**Медиум:**Кога да очекуваме нова песна?

**Борис:** Пред Нова година, во декември.

**Мартина:** Во превод, многу брзо ќе излезе новата песна.

**Медиум:** А, албум?

**Борис:** Во 2019 г., веројатно на пролет.

**Медиум:** Дали имате во план да соработувате со некој македонски или странски изведувач?

**Борис:** Да, имаме во план, но не знам дали смеам да издавам вакви работи. Работиме на случајот.

**Медиум:** Дали ви е во план да се претставите и на пошироката светска сцена или ќе се задржите само на македонската? Мартина: Најпрво сакаме тука да се пробиеме и да се претставиме. Прво да започнеме со „турнеи“ овде кај нас, па потоа за пошироко. Сакаме најпрво да го поминеме тоа, за поголемо искуство понатаму.

**Медиум:** Што би им препорачале на младите бендови кои сакаат да успеат во Македонија?

**Мартина:** Да веруваат во себе и во тоа што го прават.

**Борис:** Да веруваат и да се буткаат малку повеќе. Да не застануваат на тоа само „еј, направивме песна и супер, толку“, малку посериозно да си ја сфатат работата. Треба да се вложува многу, повеќе музицирање, создавање и креативност. Најбитно е да имаш креативност за она што сакаш да го правиш, не да се ограничуваш со парите иако тие би биле добредојдени за реализирање на идеите.

**Автори: Елена Астарџиева и Славенија Поповска, ученички во втора година во СУГС Гимназија „Јосип Броз-Тито“ - Скопје**

РЕПОРТАЖА НА УЧЕНИЧКИ ОД „ВАСИЛ АНТЕВСКИ-ДРЕН“ ОД ЕРАСМУС ПОСЕТА ВО АЛИКАНТЕ, ШПАНИЈА

„КАДЕ БЕВМЕ“

# Шпанската култура е богата, храната е вкусна, но другарувањата се незаборавни



Да ја почувствуваат шпанската култура, да се забавуваат на шпанска музика и да зборуваат шпански јазик се само мал дел од можностите кои ги искористија трите средношколки од средното училиште „Васил Антевски-Дрен“ од Скопје, Емилија Трајкоска, Марија Дуева и Теодора Дичова.

Тие заминаа на патување во Аликанте, Шпанија, каде што домаќини им беа нивните врсници од училиштето „Агустинос“(Agustinos). Искуството кое го собраа од шпанското тло им го овозможи проектот за мобилност насловен „Ние сме различни, ние сите заедно сме Европа“ (We are different, we are Europe all together), што на учениците им дава до знаење дека и покрај сите различности тие можат да бидат сите заедно.

Покрај трите средношколки од Скопје и шпанските домаќини, во Аликанте имаше и ученици од Латвија, Португалија и од Турција.

- Ова патување за нас, пред сè, претставуваше голем предизвик со што стекнавме големо искуство, но и многу позитивни спомени. Со самиот престој во семејствата во Шпанија имавме можност подобро да ги запознаеме шпанската култура и традиција. Во текот на престојот научивме многу за Шпанија и посетивме многу знаменитости кои се симболични за Аликанте - вели Теодора Дичова.

Со оглед на фактот дека во Шпанија временските температури се повисоки, а Аликанте е туристичко место, учениците не пропуштија да уживаат во сончевите зраци на најголемата плажа „Сан Хуан“.

- За мене највпечатлив момент беше посетата на замокот „Санта Барбара“, од каде што Аликанте буквално ни беше на дланка - вели Теодора.

Воодушевена од Аликанте е и Емилија Трајкоска, која вели дека ова ѝ било едно од најубавите искуства.

- Бев воодушевена од цел Аликанте, бидејќи е туристички град и навистина нуди многу симболични места, но во убавини не се вбројуваат само знаменитостите туку и народот што живее во тие места. Слободно можам да кажам дека Шпанците се многу гостопримлив и топол народ. Времето поминато во Шпанија не беше залудно потрошено и ќе ми биде едно од најубавите патувања и искуства – вели Емилија Трајкоска.

Во текот на мобилноста, тимот од Македонија имаше презентации како за шпанската така и за македонската култура. Со настап во училишниот театар, преку своја изведба тие ја претставија македонската музика за која слушнаа само пофални зборови, но и громогласен аплауз од публиката.

Програмата предвидуваше и посета на фабриката „Турон“ - за добро препознатливиот шпански десерт, а учениците имаа можност и да се вклучат во процесот на производство. Неизбежен дел од престојот беше и посетата на големите катедрали како „Санта Марија“, „Сан Николас“ и манастирот „Санта фаз“.

Градот Елче, кој се наоѓа во непосредна близина на Аликанте, исто така се најде на рутата за посети. „Рај за очи“ се зборовите со кои средношколците го опишаа ова место. Таму тие ја посетија и градината на палмите.

Кога е во прашање искуството со храната, средношколките ја издвојуваат тавата со ориз позната како „паеља“. Тие имаа можност во рамките на вечерта на шпанска кујна да се натпреваруваат во подготовка на ова јадење. Но не само што учествуваа туку и доминираа, ја направија најдобрата „паеља“ и го освоија првото место.

За време на ова патување средношколците учеа не само за Шпанија туку и за другите земји од каде што допатуваа нивните врсници.

- Најубаво сеќавање ми остави друштвата со сите учесници во проектот, како и сите посети на убавите места. И, ако би требало да одберам дестинација за летен одмор, дефинитивно би го одбрала Аликанте – вели Марија Дуева.

Средношколките од Скопје се едногласни во нивниот заклучок дека имаше многу посети и спомени, можеби дел ќе избледат, но она што никогаш нема да го заборават е другарувањето.

ТЕМА ЗА ДИЛЕМА

# Учениците реагираат лошо на медиумите, зашто сметаат дека се пристрасни и лажат

*Медиумската писменост треба да биде интегрирана во воспитно-образовната дејност, затоа што само на овој начин и наставниците и учениците ќе бидат подготвени да се соочат со предизвикот на новиот дигитален век*

Живееме во свет во којшто медиумите се сеприсутни: сè поголем број луѓе поминуваат многу време во гледање телевизија, читање весници и списанија и слушање радио. Во некои земји, на пример, децата поминуваат повеќе време во гледање телевизија отколку на училиште. Наместо да се осуди или да се потврди несомнената моќ на медиумите, треба да се прифати нивното значајно влијание и пенетрација во светот како утврден факт, како и да се цени нивната важност како елемент на културата во денешниот свет. Не треба да се потценува улогата на комуникацијата и на медиумите во процесот на развој ниту, пак, функцијата на медиумите како инструмент за активно учество на граѓаните во општеството. Политичките и образовните системи мораат да ги препознаат своите обврски за промоција на граѓанско критичко разбирање на феноменот на комуникацијата.

Вака уште пред 26 години, во 1982 година, УНЕСКО во Декларацијата за медиумско образование го нагласува значењето на медиумската писменост во образовниот процес.

Уште повеќе денес во 21 век, кога живееме во мултимедијална средина во која сме бомбардирани со разни информации кои до нас стигнуваат од сите страни како богата и сложена комбинација на зборови, слики и звуци, треба да бидеме свесни за значењето и влијанието на медиумите, мудро да ги воспримаме содржините кои ни ги нудат, критички да размислуваме и паралелно да знаеме како одговорно да ги користиме комуникациските технологии. Или, кажано накратко: неопходно е да бидеме медиумски писмени.



## ШТО ЗНАЧИ МЕДИУМСКИ ПИСМЕН СРЕДНОШКОЛЕЦ?

За еден средношколец да биде медиумски писмен значи тој да може да ги анализира вестите, да препознае што е вистина, а што лага, да размислува критички, да знае како работат медиумите, но и како да ги користи медиумските техники за да создаде производ, да изгради сопствен став за прашањата со кои се соочува општеството.

Меѓутоа, колку образовниот систем во Македонија и институциите како најповикани водат грижа за медиумската писменост на учениците?

Во најновата Стратегија за образованието за 2018-2025 година и Акцискиот план на Министерството за образование и наука, испишани на речиси 200 страници, поимот „медиумска писменост" не се споменува ниту еднаш.

Таму се споменуваат поимите „дигитална писменост" и „информациски и комуникациски технологии" (ИКТ) како едни од главните приоритети, а во очекуваните исходи од реформите надлежните институции се надеваат на зголемена ефикасност на образовниот процес преку користење на ИКТ, стекнување на потребните дигитални вештини од страна на учениците и наставниците, обезбедување на дидактички и наставен материјал за учениците, зголемен интерес кај младите за ИКТ итн.

Како е позиционирана медиумската писменост во средното образование покажува и едно од ретките истражувања за оваа проблематика во Македонија. Станува збор за истражувањето „Медиумската писменост во Македонија: алката што недостасува за активно граѓанско", издадено во 2016 година од Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, во кое се забележува дека никаде, ниту во законската регулатива ниту во стратегиските документи на надлежните институции медиумската писменост не е интегрирана во образовниот процес.

- Сите промени и интервенции направени во наставните програми за средно образование ги вклучуваат медиумите како содржини, пред сè, од аспект на научната дисциплина што ја проучуваат, но без посебен акцент врз медиумската писменост. Наместо тоа, како терминологија функционира поимот „медиумска култура", терминологија што ја користи и Бирото за развој на образованието, надлежно за развој и унапредување на образованието. Сепак, анализата на наставните програми покажува дека не е занемарлив бројот на предмети во кои содржински, иако во мал сегмент, се третираат и прашања поврзани со медиумската писменост и медиумите - пишува во извештајот.

## НАСТАВНИЦИТЕ СЕ СВЕСНИ, НО ИМ СЕ НЕОПХОДНИ ОБУКИ

И наставниците, покажало ова истражување, сметаат дека медиумската писменост е присутна во одредени предмети, меѓутоа како аспект на основните наставни содржини по предметите: Македонски јазик и литература, Социологија, Информатика, Ликовна уметност, Педагогија и како интегриран дел во рамките на наставните содржини како што е во предметите: Маркетинг, Етика, странски јазик, Граѓанска култура и др.

- Оттука и нивниот едногласен став за реалната потреба од реформи во наставните програми. Во актуелниот контекст, сè е оставено на ентузијазмот на наставниците поединци кои прават напори за интеграција на мултимедијални содржини во наставата – пишува во извештајот.

Генерално, како што се наведува во извештајот, наставниците се свесни за значењето на медиумската писменост и за нејзината улога како клучна компонента на модерното образование, но сериозно упатуваат на неопходноста од обуки за примена на медиумите во наставата. Ова особено од причина што учениците многу побрзо од нив се запознаваат со можностите на медиумите и нивното користење, но немаат доверба во нивните содржини.

- Учениците реагираат лошо, велат: „Не сакаме да слушаме за медиуми, затоа што сето тоа е лага". Така велат деведесет проценти од учениците. Имам отпор кога им предавам за радио, за телевизија и за весници - изјавил професор кој бил дел од фокусната група во рамките на истражувањето.

Ова е клучната констатација, истакнуваат авторите на извештајот, која покажува дека медиумската писменост треба да биде интегрирана во воспитно-образовната дејност, затоа што само на овој начин и наставниците и учениците ќе бидат подготвени да се соочат со предизвикот на новиот дигитален век.

## УЧЕНИЦИТЕ СМЕТААТ ДЕКА МЕДИУМИТЕ ВЛИЈААТ ВРЗ НИВ

Кога станува збор за прашањето како средношколците ја разбираат медиумската писменост, во извештајот се констатира дека тие имаат само делумни предзнаења за медиумската писменост, односно тие ги препознаваат само основните поими на комуникација со медиумите.

- Значајно е да се истакне дека во изборот на медиумските содржини, учениците имаат развиена свест дека медиумите имаат влијание врз нив. Односно, тие сметаат дека медиумот ги придобива со привлекување преку слики, специфичен новинарски јазик, драматичност, емотивност и реклами кои се маска на медиумите. Освен тоа, тие се свесни дека не постои медиум којшто создава неутрална слика за настаните и случувањата од непосредната стварност – пишува во анализата.

Голем дел од учениците сметаат дека медиумите влијаат врз нивното мислење и став по однос на сите теми од секојдневниот живот.

- Проблемот со медиумите во Македонија е што ние, младите, мислиме дека се пристрасни и дека информациите коишто ни се пласираат се неточни и нема да влијаат добро на нашиот интерес, воопшто - изјавил средношколец кој бил дел од фокусните групи во истражувањето.

Што се однесува на прашањата поврзани со наставата и медиумите, пак, заедничка забелешка на сите фокусни групи средношколци била дека не постојат доволно технички услови во училиштата за следење на наставата со активно вклучување на информациско-комуникациските технологии. Сепак, одреден број наставници, со личен ангажман во рамките на своите предмети (Македонски јазик и литература, Ликовна уметност, странски јазици) настојувале да внесат мултимедијални содржини при реализација на наставата.

Учениците кои беа вклучени во истражувањето одговарале и на прашање од уште еден аспект на медиумската писменост, односно колку училиштето ги подготвува за оформување критички однос кон општеството. Тука средношколците имаат поделени мислења.

- Нивен заеднички заклучок е дека со актуелните наставни програми и организацијата на наставата, училиштето не ги подготвува за активно учество во општествениот живот и во создавањето критички однос кон стварноста. Се издвојуваат само поединци наставници кои ја почитуваат слободата на мислењето и дебатата како наставна форма и промовираат висока морална и интелектуална култура, однесување и знаење. Тие уживаат и авторитет и почит од учениците, наспроти оние конзервативните и стереотипни наставници кои не оставаат простор за соработка со нив - се констатира во извештајот.

ХЕРОЈОТ ОД МОЈАТА УЛИЦА

ИНТЕРВЈУ СО МЛАДАТА ПОЕТЕСА ГЕОРГИНА ПЕТРЕСКА

# „Поезијата не е цел, туку страст“



Трета државна награда по биологија во седмо одделение, трета државна награда по физика во осмо одделение, прва државна ликовна награда на манифестацијата „50-ти Рациновите средби“ во деветто одделение и неколку меѓународни, државни, регионални и општински награди за поезија.

Ова се само дел од наградите кои се запишани под името на Георгина Петреска. Таа е ученичка во прва година во гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин“ во Скопје.

Велат дека обично кај луѓето е поразвиена една од двете хемисфери на мозокот, односно онаа која ти ја дава способноста за наука или другата која ти ја дава дарбата за уметност. Ако е така, слободно можеме да кажеме дека Георгина му пркоси на ова правило. Доказ се нејзините награди.

Нејзината последна, втора награда на меѓународниот конкурс за поезија „Живко Стојановски“ во категоријата средношколци, а во организација на невладиното друштво на поети „Сцена свих креативних“ од Нови Сад, беше доволна причина оваа средношколка да се најде во овој број на „Медиум“ во рубриката „Херојот од мојата улица“.

**Отсекогаш науката и уметноста се прикажуваат како меѓусебно спротивставени. Кое е твоето мислење за тоа? Каде ја наоѓаш нивната меѓусебна поврзаност?**

Науката и уметноста се две гранки од истото дрво, два аспекти од истата целина, меѓусебно испреплетени и во постојано надополнување. Нивната спротивставеност не е ништо повеќе од обичен стереотип, а нивната поврзаност лежи токму во нивните корени, во будноста на човековиот ум и безграничноста на неговата креативност. И како што рекол неприкосновениот Леонардо да Винчи: „Учи ја уметноста на науката и науката на уметноста. Научи како да гледаш и ќе сфатиш дека сè е поврзано со сè останато“.

**Раскажи ни малку повеќе за твојата љубов кон пишаниот збор. Од кога почна да пишуваш, што за тебе претставува поезијата?**

Творам уште од својата најрана возраст, моите први стихови ги напишав уште кога бев второ одделение. Поезијата и уметноста, воопшто, се мојата љубов, ги разбирам како духовен протест и единствената вистинска магија којашто ја поседува човештвото против сето она што е бездушно, реално, грубо и вулгарно. За мене тие претставуваат свет дом на имагинацијата и на невозможното, а со тоа се и единствениот синоним за убавина.

**Како се раѓаат мотивите на твоите песни, од каде најчесто црпиш инспирација и која е пораката што сакаш да ја пренесеш?**

Мотивите на моите песни се раѓаат поттикнати од реалноста, но единствено цутат во фантазијата. Животот на сите ни го нуди својот груб материјал, а јас од него се трудам да направам дело за восхит. Единствената цел ми е да разбудам што поголеми чувства кај читателот и да го насочам да погледне надвор од понудената призма. Го преобликувам, оформувам, му додавам боја, брчки, сенки, го оживувам, се бунтувам и се борам со него, го давам најдоброто што можам сè додека не создадам една исклучително кревка и нежна апстракција со висок стил и силна порака која ѝ пркоси на сета здодевна реалност. За мене тоа е, всушност, и вистинската мисија на поетот.

**Кажи ни нешто повеќе за себе. Кои се твоите идоли? Омилен поет, писател или уметник и зошто?**

Омилен поет ми е единствениот Едгар Алан По заедно со Федерико Гарсија Лорка и Шарл Бодлер, а исто така го обожувам префинетиот и софистициран стил на Оскар Вајлд, кому му се воодушевувам. Веднаш по него доаѓа и Фридрих Ниче, и уште многу од низата гении кои се наоѓаат во мојата домашна библиотека. Од нашите македонски великани омилен ми е Петре М. Андреевски, заедно со Кочо Рацин. Слушам несекојдневна музика, најмногу рок и џез и сум заглавена некаде во минатото. Тоа е таканаречената авангардна музика проследена со текстови полни со апстракција и недоглед од емоции за чие вреднување и разбирање не е способен затворениот и простодушен свет, тука спаѓаат Иан Кертис, Џим Морисон, Џенис Џоплин, „Пинк флојд“, Били Холидеј, Нина Симон, „Мизар“, „Анастасиа“, „Архангел“ и други.

Иако сум голем фан на импресионизмот, Салвадор Дали е човекот кому му се восхитувам од сликарски аспект, а втора на мојата листа на уметници е Фрида Карло заедно со Густав Климт. По убедување сум индивидуалистка и не ставам никакви ограничувања кога се работи за мојата имагинација, сметам дека тоа е најсилното оружје. Општеството го сметам за измислен концепт и целосната моќ ја препуштам во рацете на индивидуата. Најмногу од сè ја љубам слободата! Секогаш ме привлекуваат необични и егоцентрични личности, предмети, места или времиња, а оние кои најсоодветно одговараат на овој опис се трудам да ги произведам сама во својот ум кој секогаш е предводен од чувствата. Се идентификувам како личност која преувеличува и романтизира, засекогаш сонувач!

**Кој најмногу те поддржува и што досега најмногу ти дало волја да продолжиш со пишувањето?**

Секогаш најголемата поддршка ја добивам од моите најблиски, особено од семејството. А нешто што особено ме израдува минатата година беше мислењето што го добив од господинот Горан Трајкоски, угледен поет, уметник и музичар, член на познатата македонска група „Анастасиа“ од 80-тите години на минатиот век, кој несебично одвои од своето време и внимание за да ги прочита моите песни и ми даде прекрасни совети за тоа како понатаму. За тоа сум бескрајно благодарна!

**Како си задоволна од досегашните успеси во оваа учебна година и кои се твоите планови за иднината?**

Оваа учебна година започна доста успешно. Веќе имам освоено две меѓународни награди. Втора награда на меѓународниот конкурс за поезија „Живко Стојановски“ во категорија средношколци, а во организација на невладиното друштво на поети „Сцена свих креативних“ од Нови Сад. Прва награда во категорија на млади поети, како и признание за „Песна над песните“ на меѓународната поетска манифестација со хуманитарен карактер „Со босоногата по патот на светлината“, посветена на корисниците-штитеници на јавната установа, завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ - Струмица. Како што веќе кажав, за мене поезијата не претставува цел, туку страст, така што јас сигурно ќе продолжам да пишувам и творам и понатаму, без разлика на успехот и на тоа како општеството ги оценува моите дела. Сепак, веќе од поодамна имам силна желба за издавање своја книга – „Зрак од полна Луна“ и веќе имам подготвено материјал. Но сè уште го чекам вистинскиот момент и предуслови за тоа остварување. Се надевам дека сето ова ќе следува во блиска иднина.

**Ана Тодорова, Гимназија „Раде Јовчевски-Корчагин“ - Скопје**

ИНТЕРВЈУ СО СРЕДНОШКОЛСКИОТ БЕНД „ХАНА“ ОД СУГС „НИКОЛА КАРЕВ“

# „Музиката ни помага да го кажеме она што ни лежи на душа“

Ако ги прашате средношколците во скопската гимназија „Никола Карев“ дали им е познат бендот под име „Хана“, нема да пронајдете ученик од кого ќе добиете негативен одговор. Станува збор за музичка група во која настапуваат седумина тинејџери, сите ученици во оваа школо. Својата слава меѓу младите тие успеаа да ја стекнат преку низа настапи на настани организирани токму од средношколците.

Сара Ташкоска и Бисера Атанасова (вокали), Анастасија Крстевска (тапани), Давид Стојковски (клавијатура), Лазар Трајковски Цеф (бас гитара) и Андреј Манев и Андреј Рафајловски(гитара) се дечките од „Хана“.Салата за проба во „Никола Карев“ е „местото на злосторот“ кое ги поврзало. Заедно се веќе една година, слушаат различни жанрови на музика, но сепак ако ги прашање кои се песните кои ги спојуваат во една глас ќе ви одговорат: „Оние од Red Hot Chili Peppers“.

За овој број на „Медиум“ разговаравме со членовите на бендот, а тие со нас ја споделија нивната приказна, искуството, емоциите и плановите.

**„Медиум“:** Колку време постои вашиот бенд и како почнавте на функционирате?

**„Хана“:** Сите почнавме да свириме во прва година, но во различни формации ,бидејќи не сме иста генерација, а како бенд постоиме една година.

**„Медиум“:** Дали се знаевте претходно или музиката ве здружи?

**„Хана“:** Не поврза пробувалната во Карев, таму почна сè.

**„Медиум“:** Какво беше чувството кога првпат настапувавте? Имате ли и денес трема пред настап и како ја надминувате?

**„Хана“:** Секако дека на првиот настап имавме позитивна трема, но сепак тоа чувство исчезна бидејќи таму на сцената никогаш не си сам. Реакциите на публиката беа одлични, па според тоа можеме да кажеме дека тие пријатно не прифатија. Што е однесува до тремата, не ја гледаме како некое лошо чувство, туку напротив излегуваме со неа на сцена и оставаме да не понесат емоциите.

**„Медиум“:** Од кои групи најмногу сакате да преработувате песни и кои нумери се застапени на вашиот репертоар?

**„Хана“:** Обработката на нумерите на Pink Floyd кои ги изведовме на настанот Свирложба во „Никола Карев“ беше од големо значење за нас и на секој му помогнаа да си го каже она што лежи длабоко во него. Исто така имаме прекрасно искуство при обработка на песни од бендот Muse. Воедно на нашиот репертоар може да се сретнат и нумери од Pink Floyd,Muse,RHCP...

**„Медиум“:** Кој ви е музички идол или инспирација што ве поттикнал да се занимавате со музика?

**„Хана“:** Сите слушаме различен жанр на музика ,но еден бенд не поврзува сите, иако го доживуваме на различен начин.Тоа е бендот Red Hot Chili Peppers.

**„Медиум“:** Дали свирите авторска музика или повеќе свирите преработки?

**„Хана“:** Паралелно со преработките кои ги спремаме за свирките правиме и авторска музика која ја вметнуваме во нашите “џем сешни”.

**„Медиум“:** Што правите во слободна време кога не свирите, се дружите ли приватно?

**„Хана“:** Секогаш после проба знаеме да седнеме и да разговараме на различни теми, но сепак, ќе потенцираме дека вистинската дружба ни се случува за време на викендите.

**„Медиум“:** Дали мислите дека во рамките на образованието треба да има повеќе вакви слободни активности кои ќе ги поврзуваат младите?

**„Хана“:** Апсолутно. Познаваме голем број на средношколци-музичари кои немаат можност да учествуваат на вакви активности и тоа треба што поскоро да се смени.

**„Медиум“:** Каде најчесто настапувате?

**„Хана“:** Најчесто настапуваме во „Карев“, таму се чувствуваме како дома.

**„Медиум“:** Со што сте ангажирани во моментов и дали имате некои планови за во иднина?

**„Хана“:** Праввевме кратка пауза поради периодот на тестови,но ќе почнеме со свирки што е можно побрзо. Нè чекаат доста настапи во иднина за кои што ќе дадеме се од себе и се надеваме дека ќе поминат добро.

**Теодора Миловановиќ, матурантка во „Никола Карев“ Скопје**

## Каде отиде детската среќа?

Додека сме деца сакаме што побргу да порасnеме. Да почнеме да се грижиме сами за себе. Несвесни дека тоа ќе го правиме цел живот и прашање е колку ќе бидеме успешни во тоа. Детството на сите ни помина во фантазии за животот кој не очекува и сите имавме соништа - мали, големи, сите беа достојни за нас, не знаевме да ги осудуваме туѓите, ја имавме целата слобода на светот. Но, тогаш никој не сакаше да си оди од земјава, сите бевме задоволни со тоа малку кое го имавме. За разлика од денес кога скоро сите ја гледаме нашата иднина на друго место. Ако како деца сакавме да бидеме ,,возач како тато" или да правиме колачи како мама, денес сите живееме за денот кога ќе го напуштиме домот и кога би работеле сѐ само не тоа што го прават нашите родители.



Што се смени? Мислам дека животот е истиот како и пред пет или десет години, или барем сличен. Дали со растењето се разбудивме од прекрасниот свет во кој живеевме или пак некој не разбуди и сега не знаеме како да ја поднесеме реалноста? Ние бевме среќни сѐ до денот кога ни кажаа како да бидеме среќни и од тој миг ние ја бараме среќата на погрешно место и кај погрешни луѓе. И како би нашле нешто кое веќе го имаме? Не знам кој и кога нѐ натера да веруваме дека нашиот успех во туѓите очи е мерило за нашата радост. Но, знам дека кој и да го направил тоа, нѐ осуди на вечно трагање по нешто кое е нереално. Замислете само колку ќе беше поубаво да останевме скромни, весели човечиња со едноставни соништа, суштества кои ќе се радуваат на малите нешта, ќе бидат задоволни и среќни со тоа што го имаат, ќе се сакаат себе, па и целиот свет. Но, сето тоа нема да е добро за економијата, нема да се развива бизнисот. Како ќе просперира општеството ако на сите тоа малку кое го имаат им е доволно?

И вистината е дека отсекогаш било вака, но децата никогаш толку рано не ги губеле своите фантазии. Некои среќници цел живот успевале да ги задржат, сега тоа ни изгледа како научна фантастика. Збунети и исплашени останавме и без своите фантазии и соништа. Никаде не ја гледаме фамозната смисла на животот, која не ни беше потребна кога имавме ,,живот". Заборавивме кои сме и потоа ќе сме се грижеле за себе. Како би изгледало тоа?

**Сара Стојановска,**
**ученичка во гимназија**
**„Јосип Броз Тито" Битола**

## Гласот на младите



Образованието, како и се` останато, треба да еволуира кон подобро. За да се направи тоа успешно, единственото и главното нешто кое треба да не` води е слободата на учениците креативно да се изразат. Се разбира дека ние ја имаме таа можност, но за нашите искрени идеи да исловат на површината, начинот на кој пристапуваме ќе го промени и крајниот резултат.

Како витален орган во едно тело, компромисот треба да е таков во образовниот систем. Тоа е затоа што покрај потребата на наше усмерување и подобрување, односно образување, исто така е важно да ни се даде доверба. Моментот кога нашето мислење е вреднувано и имаме шанса да се покажеме како „вистински граѓани" е тој кој ќе направи секој следен чекор да го земаме со поголема тежина, бидејќи согледуваме дека нашите постапки ги носат последиците.

Кога би биле свесни дека нашето мислење ја менува сегашноста, би работеле на подобрувањето на себе си. Едноставно, помагањето од страна на нашите професори и активирањето на потсвесниот притисок за личен развој, подеднакво присутни, би создале граѓани кои зрачат со самодоверба и имаат храброст да поттикнат промена.

Знаеме колку е важно нашиот глас да биде слушнат и колку може да се искористи во подобрување на целиот систем. Кога нашите фигури на авторитет и ние би оделе во ист правец, нашата соработка би се зголемила толку многу што не би работеле против, туку со системот.

Искуството можеби е клуч за многу моменти во животот, но за институција како што е училиштето, колку што помага толку и одмага. Не треба сосема да се предадеме само во негови раце, туку да го измешаме со отворениот ум . Тоа е оној пристап кој најблиску ќе го имитира тој на младината.

Се вели „Човекот учи додека е жив." Но, не и од кого и што. Така, не треба да се потценува ничие мислење, разбирање и гледање на светот. Со секој чекор кон компромис и здрава средина за работа, улогите на ученик и професор можеби нема да бидат толку истакнати но ќе имаат многу поголем придонес отколку од оној сега.

**Анастасија Јуруковска,**
**матурантка во гимназијата „Никола Карев"**
**Скопје**

## Образование?! А бе, ајде

Денес, да си ученик со сите петки и притоа со стабилно ментално здравје, тргајќи ги настрана сите неспани ноќи поради недостиг од време за да постигнеш сѐ е причина за големиот притисокот со кој се соочуваат учениците и којшто доведува до депресија, анксиозност, стрес и немање самодоверба.

И токму во периодот на оформување на нас како личности, ретко кој од училишните установи седнал за да поразговара со нас, да ни даде совет, да ги ислуша нашите маки, дилеми, сништа, да ни посочат како да бидеме луѓе. Прават од нас механички суштества кои се програмирани да решаваат некои си задачи по точно определена постапка, не давајќи ни можност да го рашириме видикот и да најдеме некое наше креативно решение на проблемот.

И тука ние со нашите 15-18 години самите сеградиме во неколку типа луѓе:

1. Оние кои чекаат да дојдат мама и тато и да си направат еден убав муабет со веќе ним познатите професори;

2. Оние кои си тераат како што ќе им кажат и се пасивни гледачи на сопствениот живот;

3. Оние кои се борат против овој неефикасен образовен систем, кои ја знаат моќта на својот глас, го употребуваат и со сите сили гласно викаат дека вака веќе не може!

Како една од актерките во претставата „Образование?! А бе, ајде!", гордо велам дека мојот глас веќе беше слушнат од стотици луѓе чиишто изрази на лицето додека го кажувавме гласно сѐ она што го криеме во нашите глави за време на еден час кажуваа дека многу од нив веќе се свесни за овој проблем и можеби и ќе ги поттикнеме да направат нешто околу тоа.

Дел од пораките што ги испративме и со кои го кажавме она што се крие во нас ги пренесувам и на ова парче хартија: „Помалку ли вредам ако не знам да решам една биквадратна равенка?", „Кој ќе зборува со нас за хормоните на сексуалноста или вечно ќе се криеме зад кориците на некоја книга?", „Слабак ли сум ако чувствувам", „Не, јас никогаш нема да бидам втор, секогаш ќе имам што да кажам!", „Не затворајте нѐ во кафез, дозволете ни да летаме со сопствените крилја", „Тоа сум јас, едноставноста на комплицираното или комплицираното на едноставноста, но тоа ме прави различна од сите други", „Нас ни фали емпатија, исто толку колку и вам. Не нѐ гледајте низ вашата проекција за нас", „Образованието почнува тогаш кога ќе ги напуштиме училишните клупи".



Тажно е што во времето на наште најубави години се градат тажни личности осудени на трепет и страв, а во нив се кријат емоции кои наместо да градат пурпурно небо, ќе бидат вечно заклучени во напукнатите срца, осудени на бура.

И уште е потажно што образованието нѐ учи само на некои си строго дефинирани дефиниции кои за неколку месеци веќе се заборавени, бидејќи се далечни за нашите сфаќања.

**Мелани Цветковска,**
**ученичка во СУГСГ**
**„Орце Николов" - Скопје**

## Коалиција за медиумска писменост

# Работилница за средношколци „Недела против лажни вести“



Високата школа за новинарство и за односи со јавноста се приклучи на иницијативата на Институтот за комуникациски студии (ИКС) кој од 12 до 18 ноември ја организираше работилницата „Недела против лажни вести“. ИКС и Високата школа ги поканија средношколците од скопската гимназија „Орце Николов“ на работилница за медиумска писменост на која низ практични примери, со вести од различни информативни редакции, учениците, со двајцата обучувачи, Зоран Димитровски и Михајло Лахтов, учеа како да пронајдат новинарски пропусти, дезинформации, непоткрепени информации.

Повеќе детали за „Недела против лажни вести“ има на веб-страницата www.stopdezinformacii.mk

## СОВЕТУВАМЕ:

# Основни медиумски поими

Во пресрет на Медиумскиот ден, на 5 декември, на кој ученици од повеќе средни училишта од цела Македонија ќе посетат повеќе печатени, електронски и онлајн медиуми од Скопје, Битола и Куманово, се потсетуваме на основните медиумски поими:

**Комуникација** претставува пренос и размена на информации, каде што комуникаторот испраќа порака преку медиумите до публиката и очекува некои ефекти (масовна комуникација).

**Масовна комуникација** претставува пренесување пораки до поширока публика преку медиумите.

**Медиумот** е канал или алатка преку која се собираат и дисеминираат информации.

**Масовни медиуми** се средства за масовна комуникација.

Постојат печатени (весници, списанија) и електронски медиуми (телевизија, радио, веб-портали итн.) и нови медиуми.

**Редакција** е новинарскиот тим во еден медиум вклучувајќи ги и уредниците. Под редакција понекогаш се подразбира и просторијата во која се создаваат вестите.

**Уредник** е човек одговорен за подредување на вестите и другите новинарски форми. Подредувањето се прави според важност или според договорена уредувачка политика на медиумот.

**Новинар** е лице кое собира, пишува и дистрибуира вести и други тековни информации.

**Веста** е основен новинарски жанр кој во кратка форма одговара на основните новинарски прашања: кој, што, кога, каде, зошто и како.

**Медиумска писменост** е способност да се пристапи, анализира, евалуира и продуцира медиумска содржина.

# КОНКУРСИ, МОЖНОСТИ, ОБУКИ

### МЕДИУМСКИ ДЕН 2018

Високата школа за новинарство и за односи со јавноста, на 5 декември организира Медиумски ден, при што повеќе печатени, електронски и онлајн медиуми од Скопје, Битола и Куманово ќе бидат домаќини на ученици од повеќе средни училишта од цела Македонија. Идејата на овој настан е младите да се запознаат со улогата на медиумите во општеството, начинот на функционирање на една редакција, како и со основните новинарски професионални стандарди. Оваа година домаќини ќе бидат следните медиуми: дневниот весник „Нова Македонија“, МРТ, ТВ 21, ТВ ТЕРА од Битола и ТВ Плус од Куманово, Макфакс и Радио МОФ. Настанот се организира во рамките на проектот „ Коалиција за медиумска писменост“, што Високата школа го реализира во партнерство со Институтот за различности во медиумите и весникот „Нова Македонија“, со поддршка на Европската Унија.

### МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР ЗА ЕСЕЈ

Советот за етика во меѓународните односи „Карнеги“ ги повикува сите заинтересирани средношколци да напишат есеј на тема „Дали е важно да се живее во демократија?“ и да учествуваат на годинашниот меѓународен натпревар за есеј. Есејот треба да биде долг од 1.000 до 1.500 збора и мора да биде на англиски јазик. Учесниците може да учествуваат само со по еден есеј. Победникот на натпреварот ќе добие ваучер од „Амазон“ во вредност од 300 долари, втопласираниот ќе добие ваучер во вредност од 150 долари, а третопласираниот ваучер во вредност од 75 долари. Пријавувањето трае до 31 декември. Повеќе информации на https://www.carnegiecouncil.org.

### МЕЃУНАРОДЕН СТРИП-НАТПРЕВАР „АНИМИРАНА ЕВРОПА“

Фондацијата „Фридрих Њуман“ ги повикува сите млади стрип-цртачи да учествуваат на меѓународниот стрип-натпревар на тема „Европа+“. Стрипот треба да ги прикаже предностите на Европската Унија. Учесниците можат да учествуваат со еден стрип. Натпреварот е во две фази. Во првата фаза учесниците ја испраќаат првата страница од нивниот стрип со кратко резиме на нивната приказна. Додека во втората фаза финалистите ќе треба да направат стрип од 8 страници. Победникот ќе добие парична награда во вредност од 500 евра. Пријавувањето трае до 15 декември. Повеќе информации на http://www.mladiinfo.eu.

## СТРИП




Во соработка со Стрип Центар - Велес

Гаја Смилевска, матурантка во гимназија „Орце Николов“ - Скопје